# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** **31.12.2020 година**
**Општина Македонски Брод** **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** **Број 13 – 2020 год.**

ДЕКЕМВРИ 2020

Врз основа на член 36, став1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и 244/19) и член 21 точка 4 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен весник на Општина Македонски Брод“ бр.4/17), Советот на Општина Македонски Брод на 44-та седница одржана на 30.12.2020 година донесе

# О Д Л У К А

**за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2021 година**

**Член 1**

Буџетот на Општина Македонски Брод за 2021 година се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на општината се состои од: Основен Буџет, Буџет на самофинансирачки активности, Буџет на донации и Буџет на дотации.

**Член 3**

Корисниците на средства од буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално, економично и ефикасно.

**Член 4**

Расходите утврдени со буџетот се максималните износи над кои општината и буџетските корисници не можат да превземаат обврски.

За да превземат нови обврски до Советот на општината треба да се предложи нов извор на средства или намалување на другите расходи во сразмерен однос.

**Член 5**

Буџетските корисници во тековната фискална година можат да вршат прераспределба во рамките на одобрените буџети.

Прераспределбата на средствата од Буџетот на Општина Македонски Брод ја одобрува Советот на општината.

Одобрените средства со буџетот на ниво на ставки во рамки на потпрограма и буџет не можат да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределба во тековната фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџетот не може да се зголемат со прераспределба повеќе од 10%.

**Член 6**

Буџетските корисници кои имаат буџет на донации, буџет на заеми, буџет на дотации и буџет на самофинансирачки активности, во случај кога планираните приходи и други приливи не се реализираат, доставуваат барање за намалување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрени средства во овие буџети.

Градоначалникот доставува барање за намалување до советот на општината.

Буџетските корисници кои имаат буџет на донации, буџет на заеми, буџет на дотации и буџет на самофинансирачки активности, во случај кога планираните приходи и други приливи се реализираат над планираните износи, доставуваат барање за зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрени средства во овие буџети.

Градоначалникот доставува барање за зголемување до советот на општината.

**Член 7**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи на буџетот на општината.

Доколку во текот на извршувањето на буџетот, градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, му предлага на советот изменување и дополнување на буџетот.

Советот на општината на предлог на градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот (ребаланс) најдоцна до 15 ноември во тековната година.

**Член 8**

Извршувањето на буџетот опфаќа наплата и евидентирање на приходите и другите приливи, како и извршување на расходите и другите одливи во согласност со одобрените средства.

**Член 9**

Буџетот на општината се извршува во согласност на начелата на сепфатност, специфичност, економичност, транспарентност и сигурно финансиско управување.

**Член 10**

Корисниците на средствата на Буџетот се одговорни за извршување на расходите и други одливи, во согласност со одобрените средства.

Корисниците на средствата на Буџетот се должни одобрените средства да ги користат наменски.

Секој расход или одлив мора да се заснова на веродостојна сметководствена документација со која се докажува обврската за плаќање.

**Член 11**

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изгвотвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансиски план по месеци.

**Член 12**

Општинските локални јавни установи во рок од 15 дена по истекот на месецот за кој се однесуваат, до Градоначалникот доставуваат писмени месечни извештаи со образложение за извршување на нивните финансиски планови.

**Член 13**

Градоначалникот доставува до Советот на општината писмен квартален извештај со образложение за извршување на Буџетот во рок од еден месец по завршувањето на кварталот.

**Член 14**

Исплатата на платата на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, согласно Закон за исплата на платите во Република Северна Македонија, Закон за административни службеници, Закон за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката, Закон за работни односи, колективни договори и други законски, подзаконски и интерни акти.

а) Исплатата на платата на градоначалникот на општината се врши според одредбите од Закон за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Северна Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката со примена на следниот коефициент за утврдување на плата на градоначалникот кој изнесува:

-за градоначалник на општина до 10.000 жители коефициент 2.70 применет на основица за пресметка на платата која изнесува 26.755,00 денари.

б) За вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на платите (бруто) за 2021 година се утврдува со посебна одлука, која ја донесува советот согласно Закон за административни службеници. Работното искуство на државниот службеник се вреднува во износ од 0,5% од делот на основната плата со која се вреднува степенот на образование и додатокот на плата за звање, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

в) За вработените кои немаат статус на државни службеници, платата ќе се исплатува согласно Правилникот за плата на вработените во општината, со вредноста на бодот, која соодвествува на вредноста на бодот утврдена со посебна одлука за административните службеници, Закон за минимална плата и други закони со кои се утврдува висината на платата.

г) За вработените во локалните јавни установи платата ќе се исплатува согласно важечките коефициенти и утврдената вредност на бодот регулирани со потпишаните Колективни договори со ресорните министерства.

**Член 15**

На членовите на советот на општината им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на советот и надоместок за патни и дневни трошоци.
Средствата за исплата на надоместоците од ставот 1 на овој член се обезбедуваат во буџетот на општината.

**Член16**

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот изнесува 40% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

**Член 17**

На претседателот на советот на општината, за раководење и организирање на работата на советот, надоместокот од член 16, се зголемува за 30%.

**Член 18**

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седиците се намалува за 30% за секое отсуство од седниците на советот. Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 19**

На членовите на советот на општината им се исплатуваат надоместоците за патни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација.

**Член 20**

Исплатата на плати на локалните јавни установи кои ќе се финансираат со блок дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии. Буџетските корисници од локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се задолжени два дена пред исплатата на плати до општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе се приложат обрасци ПДД-МП и МП-1, копие од рекапитулацијата за пресметани нето и бруто плати, образец Ф1 за бројот на вработени по име и презиме, бруто и нето плати како и други податоци во пишана и електронска верзија (на цд, дискета, е-маил и др) за односниот месец за кој се однесува исплатата.

**Член 21**

Во случај на нови вработувања буџетските корисници од локалните јавни установи кои ќе се финансираат со блок дотации се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М1.

**Член 22**

По извршената контрола согласно планираните средства во буџетот на општината одделните пресметки на локалните јавни установи се доставуваат до ресорното Министерство од кое се трансферира блок дотацијата.

**Член 23**

Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за култура доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставува до Министерство за финансии за контрола и евиденција.

**Член 24**

Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата, образованието и социјалната заштита се дава за:

-вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на РСМ за тековната фискална година, согласно член 51, став 1 и 4 од Законот за буџетите за што писмено известување

ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината за потреба од вработување во локалните јавни установи за испразнетите работни места со соодветна пропратна документација (решение за пензионирање, решение за престанок на работен однос по основ на смрт и/или по сопствено барање, или по било кој правен основ)

-вработувања за кои се обезбедени средства од буџетот на општината за тековната фискална година за што согласно член 51 став 3 и 4 од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Буџетските корисници на средства од буџетот на општината, можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места, да вработуваат работници на определено време и да склучуваат договори за отстапување на работник за привремени вработувања за вршење на привремени работи само под услов ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на општината.

Градоначалникот на општината дава писмено известување, по претходно дадено позитивно мислење од Министерството за информатичко општество и администрација на актите за систематизација.

**Член 25**

Надоместокот за превоз и хранарина се внесени во бруто платата на вработените.

**Член 26**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, на вработените му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен. Надоместоците се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација и донесено решение од Градоначалникот на општината..

**Член 27**

Во случај на смрт на вработениот, на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од 30.000,00 денари.

.

На вработениот во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување) му припаѓа парична помош во висина од 15.000 денари по семејство.

Надоместоците од ставовите 1 и 2 на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината на настапување на смртта и донесено решение од Градоначалникот на општината.

За работниците ангажирани со договор за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања.

**Член 28**

Во случај на заминување на работникот во пензија му се исплатува двократен износ за отпремнина пресметан врз основа на просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата и се планираат во Буџетот на општината за 2021 година. Средствата за работникот, кој заминува во пензија се планираат на потставката Трансфери при пензионирање. Надоместокот се исплатува врз основа на донесено решение од Градоначалникот.

**Член 29**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници е преку набавки со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавни набавки.

Набавките на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од 6.000,00 денари каде задолжително мора да биде приложено фискална сметка, при што расходите треба да бидат класифицирани по соодветни расходни конта.

**Член 30**

Во буџетот на општината за финансирање на непланирани или помалку планирани расходи можат да се планираат средства како постојана и тековна резерва.

Постојаната и тековната резерва не може да надмине 3% од вкупно планираните средства во основниот буџет на општината.

За користење на средствата на резервите од став 1 на овој член одлучува советот на општината, а ги извршува градоначалникот.

По исклучок од став 3 на овој член, за користење на средствата од резервите во износ од најмногу од 50.000,00 денари одлучува градоначалникот.

Одобрените средства во постојаната буџетска резерва се користат за отстранување на последиците од елементарни непогоди, епидемии и еколошки катастрофи и не можат да се намалат со прераспределба во тековната година, а доколку се недоволни можат да се зголемат со прераспределба.

Одобрените средства во постојната буџетска резерва се користат за непредвидени случаи за кои во буџетот не се планирани средства или одобрените средства се недоволни.

Градоначалникот на општината му поднесува на советот на општината Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 31**

За средствата распоредени во сите програми и потпрограми во Буџетот за 2021 година одлучува Градоначалникот во рамки на утврдени износи во Буџетот, освен за трошење на средствата од подставките во програма Совет на општина и тоа:
-тековна резерва, трансфери до здруженија на граѓани и фондации и трансфери до невладини организации
-трансфери до спортски клубови
-други трансфери за кои одлучува Советот

**Член 32**

Средствата утврдени во Буџетот на општината и распределени во поодделните програми и подпрограми ги извршува градоначалникот на општината.

**Член 33**

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, или на повеќе уплатените односно наплатените приходи се врши со решение на градоначалникот, освен во случаи каде надлежноста припаѓа на други органи.

Правото на поврат, односно пренасочување на приходите, застарува во рок од пет години од денот кога истите се уплатени, доколку со друг закон не е поинаку уредено.

**Член 34**

Општината и локалните јавни установи водат евиденција и вршат пријавување на преземени повеќегодишни обврски (ПО1 образец) и преземени обврски за тековната година (О1 образец).

**Член 35**

Општината и локалните јавни установи месечно вршат пријавување на доспеаните и недоспеаните обврски за тековната и наредните две години во електронскиот систем (ЕСПЕО) во Министерство за финансии.

**Член 36**

Буџетот на Општина Македонски Брод се извршува од 01.01.2021 до 31.12.2021 година.

**Член 37**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр. 18-732/3
30.12.2020 година

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Бране Јованоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2021 година**

Се објавува Одлука за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2021 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.12.2020 година.

Бр. 08 - 732/10

31.12.2020 година

Општина Македонски Брод

Градоначалник,

Живко Силјаноски с.р.

Врз основа на член 20 од Законот за платниот промет („Службен весник на РМ“ бр. 113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/2010, 35/2011, 11/2012, 59/2012, 166/2012, 170/2013, 153/2015, 199/2015 и 193/17), Советот на Општина Македонски Брод на 44-та седница одржана на 30.12.2020 година ја донесе следнава

# О Д Л У К А

за утврдување денарски благајнички максимум за 2021 година

Член 1

Со оваа одлука се утврдува денарскиот благајнички максимум за 2021 година во износ од 20.000,00 денари.

Член 2

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“, а ќе се применува од 1 јануари 2021 година.

Број 18-732/4
30.12.2020 година

Претседател на Совет на
Општина Македонски Брод
Бране Јованоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за утврдување денарски благајнички максимум за 2021 година**

Се објавува Одлука за утврдување денарски благајнички максимум за 2021 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.12.2020 година.

Бр. 08 - 732/10

31.12.2020 година

Општина Македонски Брод

Градоначалник,

Живко Силјаноски с.р.

# ПРОГРАМА за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2021 година

Врз основа начлен 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02), член 12 став 1 точка 4, став 2 член 14 од Законот за Заштита на населението од заразни болести (Сл.весник на РМ бр.66/2004, бр.139/08, бр.99/09 и бр.86/11), врз основа на Стручното мислење добиено од ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ Прилеп и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03.........бр.4/2017), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 30.12.2020 година, ја донесе следната:

# ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2021 ГОДИНА

## 1.ВОВЕД

Општина Македонски Брод врз основа на Законот за заштита на населението од заразни болести и Стручното мислење за спроведување на превентивна дезинсекција и дератизација за спречување и сузбивање на вектор преносливите заболувања на територијата на Општина Македонски Брод, добиено од ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ Прилеп во 2021 година ќе ги превземе општите мерки за заштита на населението од заразни болести на нејзината територија, односно ќе изврши превентивна дезинсекција и дератизација.

Превентивната дезинсекција претставува планирана, систематска и долгорочна мерка за намалување на популацијата на штетни инсекти до праг на биолошка толеранција, како и спречување на растот, развојот и размножувањето на инсектите кои претставуваат вектори на голем број заразни болести, делуваат вознемирувачко, но исто така предизвикуваат и алергиски реакции.

Превентивната дератизација претставува низа на мерки и активности кои се превземаат со цел уништување на глодарите со користење на хемиски средства, односно родентицидни мамци.

## 2.ЦЕЛ

Целта на оваа програма е планирање, организирање и спроведување на општите мерки, односно, превентивна дезинсекција и дератизација, за заштита на населението од заразни болести на територијата на Општина Македонски Брод.

## 3.ПРЕВЕНТИВНА ДЕЗИНСЕКЦИЈА

Целта на превентивната дезинсекција е редуцирање на густината на популацијата на штетни инсекти до праг на биолошка толеранција на територијата на Општина Македонски Брод, зголемување на степенот на здравствена заштита на луѓето и животните, како и одржување на стабилна хигиенско-епидемиолошка состојба на ова подрачје.

### 3.1. Сузбивање на комарци и нивните развојни облици

Спроведувањето на дезинсекцијата е комплексен процес кој се спроведува со примена на механички, физички, биолошки и хемиски методи и средства кои се еколошки прифатливи и на начин кој оневозможува да се доведе во опасност здравјето на населението и животните како и на корисните инсекти.

Општина Македонски Брод во соработка со Центарот за јавно здравје – Прилеп, сузбивањето на комарците ќе го спроведува на четири нивоа при што постојано ќе се води грижа за зачувувањето на биолошката различност на одредено подрачје.

**-Санациони мерки** имаат за цел намалување или отстранување на условите за раст и размножување на комарците. Тоа значи затрупување на блатата, обезбедување на проточност на водата, правилна диспозиција на цврстиот отпад, редовно косење на зелените површини и други хигиено технички мерки.

**-Здравствена едукација на населението** има за цел редовно информирање на населението за вектор преносливите заразни заболувања, изработка на информативно едукативни летоци, брошури и флаери, како и непосредна комуникација на терен со месното население за подигање на степенот на индивидуалната можност на населението за самозаштита и отстранување на леглата на комарци.

**-Биолошки мерки за сузбивање на комарците -** имаат за цел зачувување на животната средина и биолошката разновидност.Ефикасни резултати се постигнуваат (онаму каде што е можно) со користење на предатори на ларвите на комарецот како што е малата риба Gambusiaholbrookiнајчесто во езера.Во сузбивањето на комарците голема улога има и примената на биоцидни производи како што е Bacilusthurigiensisvarisraelensis во форма на течност, прашак или гранули.

**-Хемиски мерки за сузбивање**

А) Примена на регулатори на растот кои ги има во форма на гранули кои се користат за чисти води и не се штетни за останатите видови на животни.

Б) Ларвицидни инсектициди кои имаат за цел да го нарушат развојниот стадиум на комарецот т.е делуваат на ларвената форма, при што спречуваат развивање на зрели адултни комарци.Постојат ларвицидни инсектициди во форма на течност, гранули, прав а во однос на апликацијата можат да се распрскуват или рачно расфрлаат во водените површини. Ларвицидните инсектициди имаат исклучително висок ефект. Апликацијата е многу полесна и не го нарушуваат биодиверзитетот. За да може да се користи одреден ларвициден инсектицид потребно е за истиот да има дозвола од Министерството за здравство.

Ц) Адултицидна дезинсекција- може да се спроведува како резидуално прскање во затворени објекти или како ладно/топло замаглување од земја при третман на поголеми површини. Претставува сложена акција која бара голема внимателност во однос на дозирањето на средството како и личната заштита на изведувачите и месното население. Има далеку помал ефект од ларвицидната дезинсекција. Инсектицидот задолжително треба да има дозвола за употреба од Министерството за здравство.

**3.2. Динамика и начин на спроведување на активностите**

За да се постигне значаен ефект при спроведување на дезинсекцијата неопходно е постојано и континуирано следење на состојбата на теренот, при што треба да се земат во предвид сите биолошки, хидрометеоролошки и еколошки карактеристики на површините каде што ќе се спроведуваат третирањата. Потребно е на територијата на Општина Македонски Брод да се спроведат два вида на третирање и тоа:

**Ларвицидна дезинсекција** која ќе се изведува од месец Април па се до месец Септември според претходно утврдена динамика во зависност од степенот на инфестираност на комарци. Проценката и увидите ќе бидат извршени од стручната служба при Центарот за јавно здравје – Прилеп.

**Адултицидната дезинсекција** се спроведува во неколку наврати во месеците Мај, Јуни, Јули и Август.

**Површини за ларвицидни и адултицидни третирања се:**

- Емо колектор
- Љиљачко долче
- Вител
- Градски базен
- Шумско стопанство
- Пат за с.Самоков до мотел Пешна
- Централно градско подрачје
- Горни лозја
- Пат за Кичево до с.Латово
- Фудбалско игралиште
- Требински пат и

- Реон Расадник.

**4.ПРЕВЕНТИВНА ДЕРАТИЗАЦИЈА**

Целта на превентивната дератизација е редуцирање на густината на популацијата на глодари и нејзино доведување до праг на биолошка толеранција, зголемување на степенот на здравствена заштита на луѓето и животните како и одржување на стабилна хигиенско-епидемиолошка состојба на територијата на Општина Македонски Брод.

**Предмет на превентивна систематска дератизација** е комплетниот канализационен систем на градот со посебен акцент на објекти од јавен интерес, како што се детската градинка, училиштата, здравствениот дом, ученичкиот дом, други јавни институции и дивите депонии во градот.

**Динамика на спроведување на активностите:**

Дератизацијата ќе се спроведува во два наврати и тоа:

Пролетна дератизација во месец Април и

Есенска дератизација во месец Септември.

**5.ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Средствата за спроведување на превентивните мерки предвидени со оваа Програма се обезбедени од Буџетот на Општина Македонски Брод.

**6.** Оваа програма стапува во сила веднаш по донесувањео од страна на Советот.

Бр.18 – 732/5
30.12.2020 год.
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Бране Јованоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2021 година**

Се објавува Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2021 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.12.2020 година.

Бр. 08 - 732/10

31.12.2020 година

Општина Македонски Брод

Градоначалник,

Живко Силјаноски с.р.

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

# ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ГРАЃАНИ И МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

## 2021 година

Врз основа на член 22, став 1, точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), како и член 9, член 34, став 5 и член 123 од Законот за заштита и спасување - пречистен текст („Службен весник на РМ“ бр.93/2012, 41/2014, 129/2015, 71/2016, 106/2016) и член 5, став 2 од Законот за управување со кризи („Службен весник на РМ“ бр.29/2005, 36/2011, 41/2014, 104/2015, 39/2016), Советот на Општина Македонски Брод на 44-та седница одржана на 30.12.2020 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А

## за активности на Општина Македонски Брод во областа на заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи за 2021 година

### 1. ВОВЕД

Со оваа Програма се утврдуваат заедничките интереси и активности во областа на заштита, спасување и справување со природни непогоди и други несреќи кои претставуваат активности од јавен интерес.

Во 2021 година активностите што ќе се спроведуваат, ќе бидат согласно законските прописи, а во интерес на граѓаните од Општина Македонски Брод во остварување на нивните права, обврски како и нивна заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

Општина Македонски Брод активностите ќе ги остварува преку Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на подрачје на општината, а во согласност со:

- Општинската Територијална противпожарна единица;
- Јавни претпријатија, установи и служби од локален карактер основани од општината;
- Општинска Комисија за процена на штети од природни непогоди, епидемии и други несреќи на територија на Општина Македонски Брод;
- Општински штаб за заштита и спасува

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на оваа програма за активности на Општина Македонски Брод во областа на заштита, спасување и справување со кризи се:

- Заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природни богатства, животинскиот и растителниот свет и културно наследство од природни непогоди и други несреќи на подрачје на Општина Македонски Брод;
- Создавање услови и можности за организирано остварување и релизирање на заштита и спасување на луѓето, животната средина, матријалните добра, природни богатства, животинскиот и растителниот свет и културно наследство од природни непогоди и други несреќи на подрачје на Општина Македонски Брод;
- Обезбедување навремено истакнување на опасности, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на непогода;
- Овозможување на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштита и спасување на луѓето и матријалните добра;
- Обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување.

## 3. АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

За реализација и остварување на основните цели од оваа Програма, Советот, Градоначалникот и општината ќе преземат активности кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби пред се во:

- Обезбедување целосна заштита и спасување на луѓето и матријалните добра;
- Квалитетна, техничка и стручна подготвеност на силите за заштита и спасување;
- Доопремување на Просторните сили за заштита и спасување;
- Ажурирање на Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на територија Општина Македонски Брод;
- Отстранување на последиците настанати од природни непогоди и други несреќи.

## 4. ФИНАНСИРАЊЕ

Динамиката на извршување на Програма за заштита и спасување на граѓани и матријални добра од природни непогоди и други несреќи ќе зависи од приливот на средства во Буџетот на Општина Македонски Брод.

I-дел, потребни финансиски средства за формирање на Просторни сили за заштита и спасување

| Ред.бр. | Намена | Материјален состав | Износ (денари) |
|---|---|---|---|
| 1 | Обука на вработени во Општина Македонски Брод | обука ќе ја извршува територијалната противпожарна служба | 15.000,00 |
| 2 | Обука, тренинг и вежби на силите за заштита и спасување | обука на раководниот и командниот кадар | 16.000,00 |
| 3 | Просторен штаб и Универзални единици за заштита и спасување | ознака на припадност на силите за заштита и спасување | 2.500,00 |
| | | санитетска торба со опрема | 5.000,00 |
| | | прв завој | 2.500,00 |
| | | заштитна наметка | 21.000,00 |
| | | напртњачи за вода | 12.500,00 |
| | | челична метла | 15.000,00 |
| | | заштитни кожни ракавици | 5.000,00 |
| | | батериски лампи | 5.000,00 |
| | | лопати | 3.000,00 |
| | | чизми гумени | 2.500,00 |
| | | **Вкупно** | 105.000,00 |

II-дел, потребни финансиски средства доколку дојде до појава на природни непогоди и други несреќи на подрачје на Општина Македонски Брод

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Ангажирање на граѓани во силите за заштита и спасување | превоз, дневници и храна | 100.000,00 |
| 2 | Ангажирање на ЈП, установи и др.субјекти за заштита и спасување | градежна механизација, превозни средства, специјални возила и др. опрема и алат | 100.000,00 |
| | | **Вкупно** | 200.000,00 |
| 3 | Редовен сервис и одржување на ПП апарати и за поправка на внатрешната хидратанска мрежа | | 30.000,00 |
| 4 | Сервисна поправка на исправноста за заштита од атмосферски празнења од страна на овластен правен субјект | | 10.000,00 |
| 5 | Набавка на ПП апарати | | 5.000,00 |
| | | **Вкупно** | 45.000,00 |
| | | **Вкупно ( II дел)** | 245.000,00 |
| | | **Вкупно средства потребни за заштита и спасување ( I и II дел )** | **350.000,00** |

## 5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Општина Македонски Брод, кој во соработка со Територијалната противпожарна единица, Регионалните одделенија на Дирекцијата за заштита и спасување и на Центарот за управување со кризи, Јавните претпријатија „Водовод и Канализација” и ЈКП „Комунална хигиена” и други надлежни органи и тела, ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и во покренување на иницијативи, давање на мислење и поднесување на предлози во врска со остварување на програмски цели и активности.

Оваа Програма влегува на сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 -732/6
30.12.2020 год.

СОВЕТ НА ОПШТИНА
МАКЕДОНСКИ БРОД
Претседател,
Бране Јованоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

**за објавување на Програма за активности на Општина Македонски Брод во областа на заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи за 2021 година**

Се објавува Програма за активности на Општина Македонски Брод во областа на заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи за 2021 година, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.12.2020 година.

Бр. 08 - 732/10

31.12.2020 година

Општина Македонски Брод

Градоначалник,

Живко Силјаноски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 т.29 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03..4/17-пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 44-та седница одржана на ден 30 декември 2020 година, донесе

# О Д Л У К А

**за давање на согласност на Програма за работа за 2021 година**

**на ОУ Дом на култура - Македонски Брод**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод дава согласнот на Програма за работа за 2021 година на ОУ Дом на култура – Македонски Брод бр.01-202/1 од 04.12.2020 година, донесена на седница на УО на Дом на култура одржана на ден 07.12.2020 година со арх.број 02-205/3.

**2**. Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Број 18 - 732/7
30.12.2020 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Бране Јованоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за давање на согласност на Програма за работа

за 2021 година на ОУ Дом на култура - Македонски Брод

Се објавува Одлука за давање на согласност на Програма за работа за 2021 година на ОУ Дом на култура - Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.12.2020 година.

Бр. 08 - 732/10

31.12.2020 година

Општина Македонски Брод

Градоначалник,

Живко Силјаноски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.05/02), а во врска со член 106 став 2 и 5 и член 176 став 1 и 2 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ” бр.161/2019), член 21 точка 28 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ број 02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17-пречистен текст) и Барање од ООУ „Св.Климент Охридски” - Македонски Брод со број 18-703/1 од 10.12.2020 година, на 44-та седница одржана на ден 30.12.2020 година, донесе

# О Д Л У К А

за престанок на мандат и именување на претставник на Општина Македонски Брод во Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод

**Член 1**

Се констатира престанок на мандат на Моника Симеска - досегашен претставник на Општина Македонски Брод, од функцијата член на Училишен одбор на ООУ „Св.Климент Охридски” Македонски Брод, поради истек на мандантот.

**Член 2**

За претставник на Општина Македонски Брод во Училишен одбор на ООУ „Св.Климент Охридски” Македонски Брод се именува лицето Трајан Крстески, дипломиран социолог.

**Член 3**

Одлуката да се достави до именуваниот, ООУ „Св.Климент Охридски” Македонски Брод, Градоначалникот и архивата на Општина Македонски Брод.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр. 18-732/8
30.12.2020 година
Мак. Брод

Претседател на Совет
на Општина Македонски Брод
Бране Јованоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлука за престанок на мандат и именување на претставник на Општина Македонски Брод во Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод

Се објавува Одлука за престанок на мандат и именување на претставник на Општина Македонски Брод во Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.12.2020 година.

Бр. 08 - 732/10

31.12.2020 година

Општина Македонски Брод

Градоначалник,

Живко Силјаноски с.р.

Врз основа на член 27 и 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр. 149/14, 149/15 и 53/16), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр. 02/03...4/17), Советот на Општина Македонски Борд, на седницата одржана на 30.12.2020 година, донесе измена и дополна на Програмата за заштита и благосостојба на животните преку потикнување на одговорното сопственишто и решавање на проблемот со бездомните кучиња затекнати на јавни површини на територија на општина за 2021 година со бр.18-669/15 од 30.11.2020 година

**Програма за измена и дополна на**
**Програма за заштита и благосостојба на животните преку потикнување на одговорното сопственишто и решавање на проблемот со бездомните кучиња затекнати на јавни површини на територија на општината за 2021 година**

**Член 1**

Се врши измена и дополна на Програма за заштита и благосостојба на животните преку потикнување на одговорното сопственишто и решавање на проблемот со бездомните кучиња затекнати на јавни површини на територија на општината за 2021 година со архивски број 18-669/15 од 30.11.2020 година и тоа:

- **во точка 4.Финасирање, став 2 износот од 150.000,00 ден се заменува со износ од 600.000,00 денари**

**Член 2**

**Се врши дополна во точка 6.Мониторинг**

Заловувањето ќе се врши во присуство на овластени лице како претставници на општината. За датумот и времето на заловување навремено да биде известен Договорниот орган како би се овозможило присуство и увид на овластените лица од општината за што истите треба да водат евиденција.

За датумот и времето на враќање на кучињата во реонот на заловување носителот на набавката да го извести договорниот органи и даде разумен рок како би се обезбедило присуство и увид на овластени лица од општината за што истите треба да водат евиденција.

**Член 3**

Оваа програма стапува во сила веднаш по донесувањео од страна на Советот. а ќе се објави во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

Бр.18-732/9
30.12.2020 год.

Општина Македонски Брод
Претседател на совет
Бране Јованоски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 4/17 – пречистен текст), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Измена и дополна на Програма за заштита и благосостојба на животните преку потикнување на одговорното сопственииштво и решавање на проблемот со бездомните кучиња затекнати на јавни површини на територија на општината за 2021 година

Се објавува Измена и дополна на Програма за заштита и благосостојба на животните преку потикнување на одговорното сопственииштво и решавање на проблемот со бездомните кучиња затекнати на јавни површини на територија на општината за 2021, што Советот на Општина Македонски Брод ја донесе на седницата одржана на ден 30.12.2020 година.

Бр. 08 - 732/10

31.12.2020 година

Општина Македонски Брод

Градоначалник,

Живко Силјаноски с.р.

**Службен гласник број 13 од 31.12.2020 година на Совет на Општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А

Одлука за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2021 година ........................................................................................................................ стр. 2

Заклучок за објавување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2021 година ........................................................................ стр. 12

Одлука за утврдување денарски благајнички максимум за 2021 година ............ стр. 13

Заклучок за објавување на Одлука за утврдување денарски благајнички максимум за 2021 година ...................................................................................................... стр. 14

Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2021 година .......................... стр. 15

Заклучок за објавување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2021 година ........................................................................................................................ стр. 20

Програма за заштита и спасување на граѓани и материјални добра од природни непогоди и други несреќи за 2021 година ..................................................................... стр. 21

Заклучок за објавување на Програма за заштита и спасување на граѓани и материјални добра од природни непогоди и други несреќи за 2021 година .................. стр. 26

Одлука за давање на согласност на Програма за работа за 2021 година на ОУ Дом на култура - Македонски Брод ........................................................................................ стр. 27

Заклучок за објавување на Одлука за давање на согласност на Програма за работа за 2021 година на ОУ Дом на култура - Македонски Брод ................................................ стр. 28

Одлука за престанок на мандат и именување на претставник на Општина Македонски Брод во Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод ........................................................................................................................ стр. 29

Заклучок за објавување на Одлука за престанок на мандат и именување на претставник на Општина Македонски Брод во Училишниот одбор на ООУ „Св.Климент Охридски“ - Македонски Брод ........................................................................... стр. 30

Програма за измена и дополна на Програма за заштита и благосостојба на животните преку потикнување на одговорно сопственишто и решавање на проблемот со бездомните

кучиња затекнати на јавни површини на територијата на општината за 2021 година ........................................................................................................................................ стр. 31

Заклучок за објавување на Програма за измена и дополна на Програма за заштита и благосостојба на животните преку потикнување на одговорно сопственишто и решавање на проблемот со бездомните кучиња затекнати на јавни површини на територијата на општината за 2021 година ..................................................................................................... стр. 32